Обесштетувањето на депонентите во членки на Фондот кај кои настанал ризичен настан (стечај или ликвидација) е една од трите основни деловни активности на Фондот. Во текот на 2019 година немаше ризичен настан кај членките на Фондот, а Фондот продолжи со обесштетување на депоненти за ризични настани кои настанале во минатото.

Од формирањето на Фондот во јануари 1997 година до 31.12.2019 година, се случиле вкупно 11 ризични настани. Вкупната пресметана обврска за обесштетување од единаесетте поранешни членки на Фондот изнесува 1.522,8 милиони денари. Од 1997 година до 31.12.2019 година се обесштетени вкупно 20.076 депоненти во вкупен износ од 1.373,7 милиони денари што претставува 90,2% исплатени обврски од Фондот за обесштетување кон депонентите. Останатите 9,8% претставуваат обврска за обесштетување во вкупен износ од 149 милиони денари (Табела 1).

Најголем процент, т.е. 95% од вкупниот износ на неисплатено обесштетување се однесува на депонентите на Македонска банка А.Д Скопје во ликвидација. Во Македонска банка А.Д Скопје во ликвидација 49,4% од вкупните неисплатени депоненти имаат право на обесштетување во износ од 100 до 500 денари, 18,2% од вкупните неисплатени депоненти имаат право на обесштетување во износ од 500 до 1000 денари, а 30,2% од вкупно неисплатените депоненти имаат право на обесштетување во износ од 1000 до 5000 денари. Останатите 2,1% од вкупните неисплатени депоненти имаат право на обесштетување во износ од 5000 до максималните 1,2 милиони денари кои беа законски пропишани кога се затвори Македонска банка АД Скопје во 2007 година (Табела 2).

Во текот на 2019 година вкупно се исплатени 8 депоненти во вкупен износ од 924,8 илјади денари. Сите исплатени лица биле депоненти на Македонска банка А.Д. Скопје во ликвидација. Во Табела 3 е прикажана годишната исплата на обесштетување по исплатен износ.

Табела 1. Преглед на обесштетување исплатено на депонентите на членките на Фондот кај кои се случил ризичен настан од формирање на ФОД до 31.12.2019 година

(во денари)

| Преглед на пресметана обврска за обесштетување, вкупно исплатено обесштетување и вкупно неисплатено обесштетување до 31.12.2019 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пресметано обесштетување | | Исплатено обесштетување | | % | % исплатено / пресметано | | Неисплатено обесштетување | |
| Ред. бр. | Име на банка/ штедилница | Датум на почеток на исплата на обесштетување | Вкупни депозити | Износ | Лица | Износ | Лица | пресметано/ вкупни депозити | процент на исплатено обештетување во однос на пресметано обесштетување | процент на исплатени лица во однос на вкупен број на лица за обесштетување | Износ | Лица |
| 1 | 2 | | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Штедилница Уни-проком | 01.02.2000 | 7.881.535 | 5.118.309 | 144 | 4.919.528 | 79 | 65% | 96% | 55% | 198.781 | 65 |
| 2 | Алмако банка | 18.08.2000 | 2.850.307 | 1.784.964 | 721 | 381.205 | 10 | 63% | 21% | 1% | 1.403.759 | 711 |
| 3 | Митштедилница - Куманово | 10.07.2003 | 6.790.124 | 6.769.326 | 56 | 6.767.552 | 33 | 99% | 99% | 59% | 1.774 | 23 |
| 4 | Радобанк Скопје | 25.08.2005 | 86.224.736 | 76.005.556 | 3.629 | 72.412.381 | 785 | 88% | 95% | 22% | 3.593.175 | 2.844 |
| 5 | Штедилница Киро Ќучук - Велес | 15.09.2006 | 3.351.082 | 3.318.630 | 762 | 3.239.487 | 186 | 99% | 98% | 24% | 79.143 | 576 |
| 6 | Експорт импорт банка | 29.03.2007 | 106.227.033 | 95.608.486 | 1.166 | 92.386.606 | 606 | 90% | 97% | 52% | 3.221.880 | 560 |
| 7 | Македонска банка | 04.12.2007 | 1.543.168.575 | 1.304.590.349 | 115.121 | 1.164.205.536 | 18.317 | 85% | 89% | 16% | 140.384.802 | 96.804 |
| 8 | Штедилница Фершпед | 13.04.2010 | 6.218 | 6.218 | 230 | 0 | 0 | 100% | 0,0 | 0 | 6.218 | 230 |
| 9 | Штедилница ИНКО | 22.09.2010 | 11.927.740 | 11.771.613 | 60 | 11.630.312 | 39 | 99% | 99% | 65% | 141.301 | 21 |
| 10 | Штедилница Интерфалко | 19.12.2012 | 17.832.485 | 17.832.485 | 62 | 17.824.557 | 21 | 100% | 99% | 34% | 7.928 | 41 |
| | **Вкупно** | | **1.786.259.832** | **1.522.805.933** | **121.951** | **1.373.767.163** | **20.076** | **85%** | **90%** | **16%** | **149.038.759** | **101.875** |

Извор: Административни податоци на Фондот

Табела 2. Преглед на вкупно пресметано, исплатено и неисплатено обесштетување на депоненти во Македонска банка АД Скопје во ликвидација до 31.12.2019 година

(во денари)

| Висина на обесштетување | Пресметано обесштетување | | Исплатено обесштетување | | | Неисплатено обесштетување | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во денари | Број на потврди | Вкупен износ на обесштетување | Број на потврди | Вкупен износ на обесштетување | % во однос на пресметано | Број на потврди | | Вкупен износ на обесштетување | % во однос на пресметано |
| 1.223.284,00 - максимум | 162 | 198.172.008 | 157 | 192.055.588 | 96,91 | 5 | 0,01 | 6.116.420 | 3,09 |
| 611.642,50 - 1.223.283,50 | 330 | 266.129.431 | 328 | 263.932.704 | 99,17 | 2 | 0,00 | 2.196.728 | 0,83 |
| 300.000,50 - 611.642,00 | 561 | 236.405.916 | 543 | 228.589.577 | 96,69 | 18 | 0,02 | 7.816.339 | 3,31 |
| 100.000,50 - 300.000,00 | 1.494 | 257.414.094 | 1.417 | 244.306.028 | 94,91 | 77 | 0,08 | 13.108.066 | 5,09 |
| 50.000,00 - 100.000,00 | 1.451 | 101.859.459 | 1.331 | 93.458.096 | 91,75 | 120 | 0,12 | 8.401.363 | 8,25 |
| 10.000,50 - 50.000,00 | 5.558 | 127.112.645 | 4.709 | 109.610.870 | 86,23 | 849 | 0,88 | 17.501.775 | 13,77 |
| 5.000,50 - 10.000,00 | 3.827 | 27.080.579 | 2.832 | 20.198.605 | 74,59 | 995 | 1,03 | 6.881.975 | 25,41 |
| 1.000,50 - 5.000,00 | 33.299 | 65.348.968 | 4.031 | 10.633.498 | 16,27 | 29.268 | 30,23 | 54.715.469 | 83,73 |
| 500,50 - 1.000,00 | 18.982 | 13.702.621 | 1.323 | 966.154 | 7,05 | 17.659 | 18,24 | 12.736.468 | 92,95 |
| 100,50 - 500,00 | 49.457 | 11.364.630 | 1.646 | 454.419 | 4,00 | 47.811 | 49,39 | 10.910.211 | 96,00 |
| **Вкупно:** | **115.121** | **1.304.590.349** | **18.317** | **1.164.205.536** | **89,24** | **96.804** | 100,00 | **140.384.812** | **10,76** |

Табела 3. Преглед на вкупно исплатено обесштетување на депоненти во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година

(во денари)

| Висина на обесштетување | Вкупно пресметано обесштетување | | Исплатено обесштетување во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година | |
|---|---|---|---|---|
| Во денари | Број на потврди | Вкупен износ на обесштетување | Број на потврди | Вкупен износ на обесштетување |
| 1.223.284-максимум | 162 | 198.172.008 | 0 | 0 |
| 611.642-1.223.283 | 330 | 266.129.431 | 0 | 0 |
| 300.000-611.642 | 561 | 236.405.916 | 1 | 535.372 |
| 100.000-300.000 | 1.494 | 257.414.094 | 2 | 345.771 |
| 50.000-100.000 | 1.451 | 101.859.459 | 0 | 0 |
| 10.000-50.000 | 5.558 | 127.112.645 | 1 | 39.123 |
| 5.000-10.000 | 3.827 | 27.080.579 | 0 | 0 |
| 1.000-5.000 | 33.299 | 65.348.968 | 3 | 4.283 |
| 500-1.000 | 18.982 | 13.702.621 | 0 | 0 |
| 100-500 | 49.457 | 11.364.630 | 1 | 208 |
| **Вкупно:** | **115.121** | **1.304.590.349** | **8** | **924.757** |

Извор: Административни податоци на Фондот